З А П И С Н И К

од дваесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата

за електронски комуникации за 2026 година

Дваесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 21.10.2026 година во 12:00 часот.

Присутни: Проф. д-р Орце Симов, Анѓелка Диневска, Насер Адеми, Анкица Трпковска и д-р Адмирим Алити.

За овој состанок беше предложен следниот дневен ред:

1. Усвојување на дневниот ред за дваесет и осмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
2. Усвојување на записникот од дваесет и седмиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации во 2026 година;
3. Барање на согласност за јавна набавка на услуга за ревизија на финансиско работење на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година и ревизија на сметката за надоместоците за универзалната услуга за 2026 година;
4. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Сервисирање и одржување на агрегати и УПС-и;
5. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Превентивно одржување на Централниот систем за преносливост на број;
6. Барање на согласност за јавна набавка на услуга Организација на CyberDrill настан;
7. Разно.

Претседателот на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации го отвори состанокот и го предложи дневниот ред на усвојување. Сите присутни членови на Комисијата се согласија и го усвоија Предлог дневниот ред за дваесет и осмиот состанок во 2026 година на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации .

Потоа членовите на Комисијата пристапија кон разгледување на точка 2 од Дневниот ред, по што го усвоија записникот од претходниот состанокот.

Во врска со точка 3 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга за ревизија на финансиско работење на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година и ревизија на сметката за надоместоците за универзалната услуга за 2026 година.

Во врска со точка 4 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга Сервисирање и одржување на агрегати и УПС-и.

Во врска точка 5 од дневниот ред, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга Превентивно одржување на Централниот систем за преносливост на број.

Во врска со точка 7, Комисијата едногласно даде согласност за јавна набавка на услуга Организација на CyberDrill настан.

Седницата заврши во 14:00 часот.

Проф. д-р Орце Симов, претседател

Анкица Трпковска, заменик претседател

Анѓелка Диневска, член

Насер Адеми, член

Д-р Адмирим Алити, член

Наш број 1102-36/2

Скопје 21.10.2026 година